Овој проект е финансиран од

Европската Унија

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНИТЕ СОБИРАЧИ НА ОТПАД ОПШТИНА СТРУМИЦА

Еколошко друштво Планетум

Регионален Бизнис Центар Скопје

**ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН**

**ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНИТЕ СОБИРАЧИ НА ОТПАД**

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Оваа публикација е создадена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствено одговорност на MDC-Ti.Net и во никој случај не ги изразува гледиштата на Европската Унија.

- **Акционен план на Општина Струмица**
- Општина Струмица
- Членови на работната група
- Акциски план
- Услови кои се потребни за основање на кооперативно или социјално претпријатие во сопственост на неформалните собирачи на отпад

**Листа на кратенки**

| | |
|---|---|
| ЕД | Еколошко друштво |
| ЕЕ | Електрично и Електронско ѓубре |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕИДХР | Европски инструмент за демократија и човечки права |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЗНС | Здружение на неформални собирачи на секундарни суровини |
| ЛЕАП | Локален акциски план за животна средина |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| НСО | Неформални собирачи на отпад |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МТСП | Министерство за труд и социјала политика |
| ПЕТ | Полиетилен терфталат |
| ПП | Полипропилен |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈПКД | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |



# I. Општина Струмица

Општина Струмица се наоѓа на 156 км од Скопје, и е најголемата и водечка општина на југоисточниот регион. Се наоѓа на југоисточниот дел на земјата, во близина на крстосницата на границите со Бугарија и Грција, двете единствени соседни земји што се членки на Европската Унија и НАТО. Општината Струмица, го опфаќа градот Струмица и 24 населени места. Вкупно живеат 54.676 жители, од кои 92% Македонци, Турци 6.9%, 0.34% Срби, Роми и 0.005% Албанци и Власи и 0.6% останати. Вкупно 27% од населението се под 20 години, 57% се на возраст помеѓу 20 и 60 и 14% од населението е повозрасно од 60 години. Поголемиот дел од населението имаат средно образование, односно 38%,  27% основно образование, 4% високо образование а 7% имаат универзитетско образование; 19% имаат нецелсоно основно образование и 5% немаат образование.

Во регионот на Струмица има 14.793 вработени и 3.064 индивидуални фармери, односно 17.857 лица остваруваат приход од работа. Вкупно има 21,587 невработени, односно 17% повеќе невработени од лица што остваруваат приход од работа. Стапката на невработеност во регионот е 40.5%. 60% од невработените имаат ниски квалификации, 18% средно образование, 14% се квалификувани, и само 3% од невработените имаат високо образование.

Во Општина Струмица има две депонии: депонијата Шапкар за цврст комунален и инертен отпад од привремен карактер во близина на село Тркајне со површина од 2.38 хектари и депонија за санитарен и индустриски отпад во село Добрашинци со површина од 3.4 хектари. Дневно се исфрлаат 62.3 тони од кои на привремената депонија 26.6 тони или 42.6% и на депонијата за индустриски отпад 35.7 тони или 57.3%. Дневното производство на отпад по глава жител, според податоците изнесува 0.538 кг/дневно.

За управувањето со отпад (собирање, транспорт и депонирање) во општината е основано Јавно претпријатие за комунални дејности, Струмица. Јавното претпријатие е основано на оделен начин, согласно точките за контрола и нивниот број е 3.817 во кои се депонираат 35.000кг отпад дневно. Во општината се регистрирани неколку диви депониина кои се депонира инертен отпад. Нелегалните депонии се наоѓаат на транзитни патишта со површина од 3.000м$^2$ со вкупна количина на отпад од 309.600кг. На патот кон Баница има депонија со површина од 1.400м$^2$ со вкупна количина на отпад од 81.500кг. Неконтролираното исфрлање отпад претставува сериозен проблем за заштитата на природата и квалитетот на животот на населението.

Вкупно отпад што се произведува е околу 22.380 тони од кои 12.260 е комунален отпад и друг не опасен отпад или 54.7%, 7.060 тони индустриски не опасен отпад или 31.5%, 1.500 тони инертен отпад или 6.7%, 780 тони опасен отпад или 3.4% и 780 тони медицински отпад или 3.4%.

**Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец", Струмица**

Извршува услуги за собирање на отпад во областа на Општина Струмица. Проблемите со кои се соочува ЈПКД се собирањето отпад од правни претпријатија согласно Законот за управување со отпад и собирањето отпад од руралните средини и околните населени места. Недостатокот од опрема за собирање и систем за сепарација на отпадот, покрај веќе споменатите рециклирачки центри е евидентен и објаснет во Планот за управување со отпад за Општина Струмица. Соработката со ЈПКД може да се смета како природно продолжување на веќе постоечката одлична соработка помеѓу ЈПКД и НСО. ЈПКД "Комуналец", Струмица веќе има значителни резултати во обидите за формализирање на НСО и нивното вклучување во механизмите за организирано собирање.

II. АКЦИСКИ ПЛАН Општина Струмица

**Севкупната цел на овој акционен план за Општина Струмица:**

**Обезбедување на ефикасен и одржлив систем за управување со отпад од пакување преку создавање на околина која ќе им овозможи на неформалните собирачи на отпад да учествуваат, и усвојување на мерки за почист град.**

**Делегацијата на Европската Унија и ЕИДХР програмата го поддржаа проектот за Вклучување на Ромите кои се неформални собирачи на отпад во формалните процеси на собирање на отпад во државата, проект кој е имплементиран од МДЦ-Ти.Нет.** Со проектот беа основани **Работни групи во Скопје, Струмица и Кочани** кои се состоеа од клучните засегнати страни, претставени од различни институции во секој град. Работната група во Струмица исто така вклучува претставници од неколку централни институции и релевантни министерства.

**1. Работна група Струмица**

| **Општина** | **Институција** | **Име и презиме** | **Позиција** |
|---|---|---|---|
| Општина Струмица | Чистота, ЈКПД – Комуналец, Струмица | Бранко Георгиев | Раководител на единица Чистота, при ЈКПД-Комуналец, Струмица |
| Општина Струмица | Локална самоуправа Струмица | Теодора Таукова Георгиева | Сектор за локален економски развој |
| Општина Струмица | Локална самоуправа Струмица | Силвана Георгиева Црвенмицева | Сектор за животна средина |
| Општина Струмица | Центар за јавно здравје Струмица | Наке Туфекчиев | Доктор |
| Општина Струмица | Јавна установа меѓуопштински центар за социјални работи | Томе Георгиев | Социјален работник |
| Општина Струмица | Компанија за метал и скрап | Ѓорѓи Гајдов | Склад за откуп на секундарни суровини, Компанија за метал и скрап |
| Општина Струмица | Компанија Евро Золи | Зоран Китанов | Откуп на секундарен кадар и основач на компанијата, Евро Золи Компани |
| Општина Струмица | Неформални собирачи на отпад | Емурла Алев | Неформален собирач на отпад |
| Општина Струмица | Неформални собирачи на отпад | Бурхан Алиев | Неформален собирач на отпад |
| Општина Струмица | Неформални собирачи | Шека Алиева | Неформален собирач на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на отпад | | отпад |
| Општина Струмица | ЈКПД „Комуналец“, Струмица | Драги Димитриев | Помошник директор, ЈКПД „Комуналец “, Струмица |
| Општина Струмица | “Планетум”, Струмица | Митко Шопов | Програмски Менаџер |
| Општина Струмица | “Планетум”, Струмица | Александар Лазаров | Претседател на ЕД Планетум |

2. **Консултациите во Струмица и процесот на акциско планирање донесоа неколку аспекти кои се појавуваат како приоритети.**

- Работата што во минатото се вршеше со Планетум, ЈПКД Комуналец, Струмица и со неформалните собирачи на отпад создаде предност и преференција на работењето во асоцијација и кооперативно/ социјално претпријатие.
- Планетум и ЈПКД Комуналец, Струмица веќе склучија договор со 10 НСО-а и истите имаат пристап до кантите за отпад од пакување поставени од Општина Струмица.
- Зависност од финансирањето од индустријата. Неформалните собирачи на отпад, локалните власти, Планетум, ЈПКД Комуналец, Струмица и јавното комунално претпријатие имаат директна меѓусебна врска. Планетум има потпишано договор за концесија со општината за собирање на отпад од пакување, сепак единствените што ефикасно собираат отпад се НСО што Планетум и ЈПКД Комуналец, Струмица ги вклучиле и се дел од системот на Струмица за собирање отпад.
- Конципирање на рецикирањето како бизнис кој е временски одржлив.
  За собирачите на отпад и неформалните рециклирачи, рециклирањето е бизнис, а не проект. За локалната власт, рециклирањето е нешто што ЕУ и законите го бараат и затоа пристапува кон ваков “проект” со субвенционирање, договори, концесии и донирање на средства. Ако нема директно спроведување на акција или нема средства за финансирање на проектот, локалната власт ја заборава обврската за организирирање на рециклирање, но собирачите на отпад не ја забораваат. Нивните потреби на некој начин остануваат исти – потребен им е стабилен простор за живеење и работење, а индустријата, на другата страна, има потреба од стабилно и континуирано рециклирање за да ги исполни целите поставени во законот за пакување и отпад од пакување. Планетум и ЈПКД Комуналец, Струмица ја сфатиле оваа потреба и ги преземале првите чекори кон интеграција на неформалните собирачи на отпад со првично вработување на 10 неформалните собирачи на отпад.

На тој начин, овој акционен план за формализација на неформалните собирачи на отпад во градот Струмица има за цел креирање ОДРЖЛИВО ВРАБОТУВАЊЕ за собирачите кои моментално се наоѓаат на дното на овој пазар кој се карактеризира со голема конкурентност, многу мал профит и нехигиенски работни услови, со нивно организирање како партнери на Планетум и ЈПКД Комуналец, Струмица во социјално или микро-претпријатие кое ќе биде во можност да собира, сортира и управува со отпад или да овозможи вработување за собирање, сортирање и спасување на отпад како вработени во Планетум и ЈПКД Комуналец, Струмица .

Проектот на ЕИДХР за вклучување на неформалните собирачи на отпад во формален систем за управување со отпад има за цел засилување на здравствената благосостојба преку создавање на одржливо вработување за неформалните собирачи на отпад и обезбедување поддршка за пристап до здравствените, образовните и социјалните услуги. За време на дискусиите на работната група,

беше потврдено дека ова може да биде постигнато со организирање на неформалните собирачи во нивно сопствено управувано социјално претпријатие или во Кооператив за собирање, сортирање, и/или управување со отпад од поголем обем. Тоа овозможува повисоки количини и поголем приход, со тоа се добиваат основи за поодржливо формално вработување и индиректно овозможување на подобар пристап до јавните и социјалните услуги (здравство, образование, социјална благосостојба), и вклучување во цивилното општество генерално. Според тоа, овој акционен план се фокусира на создавање на услови за основање на таков субјект во Струмица. Кооперативот како основа ги има искуствата од Проектот за рециклирање на пластика кој успешно ја имплементираше програмата за рециклирање во Струмица со поставувањето на неформалните собирачи на отпад во понатамошниот тек на системот за рециклирање. Клучно за формализација на неформалните собирачи на отпад во Струмица е потребата за нивни социјални/ здравствени/пензиски придобивки и нивна економска стабилност и безбедност. Со моменталниот пристап, неформалните собирачи на отпад сè уште се надвор од регуларниот систем за вклученост во здравственото/пензиското осигурување поради фактот што тие не се постојано вработени, туку работат на привремена база (во форма на еднократно или повремено купување). Неформалните собирачи на отпад сеуште остануваат надвор од системот и претставуваат потенцијални социјални прашања поради социјално-економската нестабилност.

Овој Акциски план се обидува да им пристапи на организациите на НСО како правен субјект партнер на Планетум и на ЈПКД Комуналец, Струмица. Со организирањето на неформалните собирачи во правно лице (препорачано е да биде во форма на кооператив или социјално претпријатие), тие ќе станат важен дел од целиот ланец на рециклирање во Струмица. Оваа форма на правно лице гарантира одржливост и долготрајно партнерство со Планетум и со ЈПКД Комуналец, Струмица и/или со Општина Струмица. Постигнувањата на Планетум и на ЈПКД Комуналец, Струмица се сметаат за многу значајни. Кругот ќе биде комплетен доколку моменталната организација на неформални собирачи на отпад добие легално правна форма и се вклучи во бизнисот како правно лице кое ќе ги обезбеди сите придобивки од здравствените и пензиските осигурувања за членовите/вработените.

**3. Акциски план за Општина Струмица**

| **Цел** | **Клучни акции** | **Одговорност** | **Средства за имплементација** | **Показател на перформанси** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Да се минимизира отпадот од пакувања со организација на неформалните собирачи на отпад во Струмица* | Да се воспостави одвојување на отпадот и негово обновување на изворите | општина - Струмица<br>ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО / ЗНС | Набавка на корпи, изградба на еколошки острови пред станбени блокови договор со ЕДПланетум НСО и за вршење услуги | % сепарација % на обнова склучени договори | 1 година |
| | Да се развијат стимуланси што ќе го интегрираат и зајакнат јавниот и | ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>ЗНС | Разгледување на тековната соработка со НСО и со јавното претпријатие за комунални | Тековната соработка да се прошири со дополнителни 20 НСО | 1 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | неформалниот сектор | | дејности,<br>ЈПП упатства, доделен договор за дополнителни 15 НСО | | |
| | Организирање и формализирање на неформалните собирачи на отпад во задруги/микро-претпријатија | ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>ЗНС<br>општина Струмица | Регистрација, лиценцирање на ентитетот согласно законодавството за управување со отпад | Еден регистриран и лиценциран ентитет | 1-3 години |
| | Развој на бизнис модел за формирање на социјално претпријатие од НСО | ЈПКД Комуналец<br>Планетум<br>НСО<br>ЗНС<br>МТСП | Да се ангажира консултант со цел да развие бизнис план за социјалното претпријатие | Развиен бизнис план за социјалното претпријатие и усвоен од партнерите | 1 година |
| | Изградба на мал објект за обновување на материјалите Погон за рециклирање | општина Струмица<br>ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>ЗНС | Приватно јавно партнерство | Процент на обновениот отпад и приход | 1-3 години |
| | Обезбедување на земјиште за обновување на материјалите од страна на НСО | ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>МЖСПП | Ознака на земјиштето употреба планираните дворишта за рециклирање | Ознака а земјиштето согласно планот на Општина Струмица за управување со отпад | 1-3 години |
| | Кампањи за маркетинг и продажба за пристап до генератори на отпад од пакување | ЈКПД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>МЖСПП | Подготвен и спроведен план за маркетинг | Број на договорени генератори за сервисирање на нивните потреби | 1-3 години |
| | Воспоставување на силни партнерства помеѓу социјалните | ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>ЗНС | Дефиниран модел за соработка помеѓу социјалното претпријатие и | 5 потпишани договори со различни компании за рециклирање | 1-3 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | претпријатија и индустријата за рециклирање | | индустријата за рециклирање под пазарни услови | на одредена количина отпад и остварени приходи | |
| | Фонд за формирање на социјалното претпријатие | ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>ЗНС<br>Министерство за живитна средина<br>донатори | Повеќе-спектарен пристап/прибирање на средства | Најмалку 100.000 евра за отпочнување обезбедени во пари и опрема/ земја | 1-3 години |
| | План за социјалното претпријатие | ЈПКД Комуналец<br>ЕДПланетум<br>НСО<br>ЗНС<br>Министерство за животна средина<br>донатори | Ангажиран еден менаџер | Развиен план за персоналот/ (административен и извршен), најмалку 30 договорени НСО | 1-3 години |
| | Прибирање на средства за социјалното претпријатие што е во сопственост на НСО | ЈПКД Комуналец<br>ЕД Планетум<br>НСО<br>ЗНС<br>МЖСПП<br>донатори | План за генерирање приход на пазарот | Склучени 10 договори со генератори на отпад од пакувања (супермаркети итн) | 1-3 |
| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
| *Усвојување на планот на општината за вклучување на НСО во управувањето со отпадот*<br><br>*- Развој на акти за дополнување на програмата за вклучување на НСО*<br>*- Лобирање и* | Анализа на домашното и надворешното законодавство и успешни искуства | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум, Струмица | Ангажирање консултант за законодавство | Анализирано законодавство | 2 месеци |
| | Подготовка на правни акти за програмата за управување со отпад | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум, Струмица | Ангажирање консултант за подготовка на програмата | Подготвена програма за управување | 2 месеци |
| | Поднесување на развиените документи | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум, Струмица | Достава на документите до ЕЛС | Доставени документи | 1 месец |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *застапување - Дополнување и усвојување на одлуките за комунален ред* | | | | | |
| | Презентација и достава на документите до Собранието на Општина Струмица | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум , Струмица | Средби со претставници на Општина Струмица | Претставени и поднесени документи до Собранието на Општина Струмица | 1 месец |
| | Презентација на програмата на сите советници и присуство на седница на Советот на Општина Струмица и усвојување на програмата | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум , Струмица | Средби со претставници на Општина Струмица | Претставена е програмата за управување со отпад и вклучување на НСО | 2 месеци |
| | Создавање дополнителни акти за комуналниот отпад | Силвана Георгиева Црвенмицева – ЕЛС Струмица; Теодора Таукова Ѓорѓиева – ЕЛС Струмица | Работната група и консултантот ќе ги разгледаат уште еднаш подготвените документи | Креирани дополнителни акти | 1 месеци |

| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Обуки и изградба на капацитетите на НСО ангажирани во социјално претпријатие* | Обуки за работа и безбедност | ЈПКД Комуналец ЕД Планетум НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие | 20 обучени НСО | 1-3 години |
| | Обуки за безбедност во сообраќај | ЈПКД Комуналец ЕД Планетум НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие за правилата во сообраќајот | 20 обучени НСО | 1-3 години |
| | Обука за пакување на отпад | ЈКПД Комуналец ЕД Планетум НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие за | 20 обучени НСО | 1-3 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Министерство за животна средина | принципите за управување со отпад и за Законот за отпад од пакувања | | |
| | Обука за вештини за менаџирање, сметководство, решавање на конфликти, маркетинг, генерирање на приход и одржливост | ЈПКД Комуналец ЕД Планетум социјалното претрпијатие на НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие за деловен развој | 20 обучени НСО | 1-3 години |
| | Пристап до финансии, разбирање како работат банките и финансиските институции | ЈПКД Комуналец ЕД Планетум социјалното претрпијатие на НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие за финансиски прашања | Обучени управителите на социјалното претпријатие | 1 година |
| | Обука вработените во за ЈПКД во соработка со НСО | ЈПКД Комуналец ЕД Планетум донатори на НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатиеи на ЈПКД Комунална хигиена вклучени во работа со НСО | 20 обучени НСО | 1-3 година |
| | Разбирање за управувањето со цврст отпад и работата со општините и со компаниите за управување со отпад | ЈПКД Комуналец ЕД Планетум агенција за вработување на НСО донатори | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие | 20 обучени НСО | 1-2 година |
| | Изградба на капацитетите за правни прашања | ЈПКД Комуналец ЕДПланетум донатори на НСО | Обуки за сите членови на социјалното претпријатие за регистрација, за картички за идентификација, пристап до | 20 обучени НСО | 1-2 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | општински услуги, пристап до училишта | | |

| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Ревизија на ЛЕАП – Стратегиски документ за управување со животната средина* | Обнова на ЛЕАП со вклучување на НСО | Силвана Георгиева Црвенмицева – ЕЛС Струмица; ЕД Планетум, Струмица | Ангажирање на консултант за ревизија на ЛЕАП | Ревидиран ЛЕАП | 4 месеци |

| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Подигнување на свеста на граѓаните за управувањето со отпад и за НСО-ата* | Локални кампањи (летоци и електронски медиуми, локални ТВ станици) | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум, Струмица | Кампања за унапредување на Ж.С<br>Тв Дебати за вклучување на граѓаните во процесот примарна селекција чистење на диви депонии | Подигната свест на граѓаните | 1-2 години |
| | Образовна работилница со граѓаните и со други засеганти страни (училишта итн) | ЈПКД „Комуналец“, Струмица, ЕД Планетум, Струмица | Образовни работилници | Организирани најмалку 50 образовни работилници | 1-2 години |

Резултатите врз основа на Акцискиот план за Струмица би биле следниве:

До крајот на годината проектот на ЕИДХР заедно со Планетум/ЈПКД Комуналец вработиле со договор за работни односи 10 НСО за собирање, сортирање и пакување на отпадот во Општина Струмица

- Дополнување на опрема во ЈПКД комуналец за прихват на секундарни суровини од НСО
- Основање на социјално(микро) претпријатие
- До крајот на првата година, првично да се вклучат најмалку 10 НСО и склучат договор за работни односи со Планетум/ЈПКД Комуналец

- Во текот на втората година од функционирањето, социјалното претпријатие, да изведува активности со проширена соработка и да воспостави деловен модел со останатите делови на Струмица
- Во текот на развојниот процес нема да се дозволи работа од страна на деца за брзо собирање во рамките на социјалното претпријатие.
- До крајот на првата година, сите деца на вработените НСО да посетуваат редовна настава.
- До крајот на третата година, вкупно 50 НСО да бидат вработени во социјалното претпријатие

- **Потребни услови за формирање на задруга или социјално претпријатие во сопственост на собирачи на отпад од земјата.**

**1. Трошоци за отворање и за функционирање**

- Сметководствени услуги за задругата (за времетраење на проектот)
- Дополнување на опрема во ЈПКД комуналец за прихват на секундарни суровини од НСО
- Субвенционирани плати за социјалното претпријатие/управител (за времетраење на проектот)
- Субвенционирани плати за социјално претпријатие/Администратор/финансиски соработник (за времетраење на проектот)
- Издавање на ЕИА документацијата
- Издавање на лиценци за управување со отпад
- Обуки за здравство, безбедност и од оган
- Регистрација и обезбедување на возило
- Издавање на дозвола за транспорт, складирање и трговија со неопасни материјали
- Капитал за почеток (трошоци за функционирање, субвенционирани плати за нови вработувања во задругарта за најмалку 6 месеци, откуп на капиталот)

**2. Потреба за земјиште**

- **Земјиште**: Рамно со површина од 500 м2, со можност за поставување на механизација (Поле за рециклирање во сопственост на Комунална хигиена).
- **Локација**: Да се наоѓа во населено место (населба или трговска средина) и да е лесно пристапно за јавноста за соодветно исфрлување на секаков вид секундарен отпад. Оваа локација треба да биде исто така и во функција на точки за откуп на материјалите од отпад. Да има пристап за тешки транспортни возила. потребна е и близина на главни транзитни патишта.
- **Инфраструктура**: Потребна е водоснабдување од градот, канализација и индустриска електрична енергија. Потребна е изградба на пат и поврзување со комуналните услуги.

**- Дозвола за управување со отпад**: Земјиштето треба да биде на место на кое што ќе биде можно да се спроведат дејности поврзани со управување со отпад, вклучувајќи и повремено складирање и обработка на опасни материјали. (ЕЕ отпад и акомулатори) со цел да се лиценцира задругата како оператор за управување со отпад со одредени надлежности.

**Процедури за организација и спроведување** Претпријатие/задруга ќе ги собира следниве видови на секундарни суровини:

- Хартија (картони, весници, канцелариска хартија)
- Пластика (ПЕТ и ПП шишиња, ПП фолии)
- Метал (Алуминиум и лименки)
- ЕЕ отпад (апарати за домачинства, компјутери, канцелариски машини)
- Акумулатори од возила

- Стакло (под услов на новите барања на пазарот и воспоставување на систем за исплата за лиценцирани оператори за отпад од пакувања во земјата во согласност со Националниот план за управување на отпадот)

Причините за концентрација на наведените видови на секундарни суровини се:

- Постоењето на побарувачка за такви видови на материјали.
- Лесен пристап до такви материјали од сите видови на генератори на отпад и постојано снабдување.
- Универзална опрема за обработка на таквите материјали.
- Ниски трошоци за обработка и третирање на материјалите.
- Висок пораст на вредноста на материјалите за обработка со соодветната опрема.

**Генератори/клиенти на отпад**

Социјалното претпријатие/задруга им пристапува на директен начин на генераторите на отпад со понуда за решение за управување со отпадот без разлика на количината што тие ја произведуваат во тесна соработка со некој од лиценцираните оператори во земјата. Социјалното претпријатие/задругата ќе ги обезбедува овие услуги бесплатно. Како компензација социјалното претпријатие ќе има сопственост на собраниот отпад за рециклирање за понатамошна обработка и продажба на секундарната суровина. Количината ќе ја одредува само темпото на собирање на материјалите и договорените видови услуги за дадениот клиент (пр. набавка на канти или кутии со пластични кеси за собирање на материјалите. Видовите на генераторите на отпад на кои ќе се фокусираат се (по редослед на важност):

- МСП
  - Продавници
  - Канцеларии
  - Работилници и големо-продажни субјекти
- Хотели, ресторани и кетеринг услуги
- Големи компании
- Јавни институции: училишта, здравствени центри, болници, општини, пазари
- Станбени објекти

Социјалното претпријатие/задругата ќе потпише договор со сите клиенти, што ќе ги дефинира услугите.

Проектот на ЕИДХР “Вклучувањето на неформалните собирачи на отпад во формалната шема за управување со отпад на земјата” се спроведува од МДЦ-ТИ.Нет.

Контакти:

МДЦ-ТИ.Нет
Адреса: Ленинова 11, 1000 Скопје
Т/Ф: +389 2 3246-794; 3246- 796
Електронска пошта: office@mdctinet.org.mk
www.mdctinet.org.mk